# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

*Сабота, 4 јули 2026*

## КОГА ТРОПАЊЕТО ЌЕ ПРЕСТАНЕ

**Песна над песните 5,1-6.**

„Дојдов во мојата градина сестро моја, невесто, ги берам мојата смирна и моите мириси, ги јадам мојот мед и моето саќе, ги пијам моето вино и моето млеко. Јадете пријатели, пијте и наситувајте се возљубени мои! Јас спијам но моето срце бдее. Одненадеж глас! Мојот возљубен ми потчукнува: Отвори ми сестро моја, возљубена моја, гулабице моја, совршена моја; зашто главата ми е полна со роса, а косата со ноќна влага. Ја соблеков мојата облека, како да ја облечам? Ги измив нозете, како да ги извалкам пак? Мојот возљубен ја провна раката низ отворот и сета моја внатрешност се возбуди од него. Станав, за да му отворам на мојот возљубен, а од мојата рака капеше смирна и потече низ прстите на рачката на клучалката. Му отворив на мојот возљубен, а тој веќе се беше одалечил и исчезнал; останав без здив кога замина. Го барав, но не го најдов, го викав, но не се одѕва.“

Една од најтрагичните работи која може да му се случи на еден христијанин е да го напушти Господовата присутност. Еднаш да ја имаме живата Божја присутност, а потоа таа да исчезне!

Колку време поминало откако последен пат сте слушнале како Божјиот глас нежно ве повикува или сте ја почувствувале Неговата присутност и несомнено сте знаеле дека Христос е тука, со вас?

Меѓу Евреите било вообичаено книгата Песна над песните да ја гледаат алегорична (романтична) песна за Божјата љубов кон својот избран народ.

Исто така, христијаните ја набљудуваат како слика на Христовата љубов кон црквата. Покрај тоа, на неа се гледа како опис на заедницата на верникот со Господа.

Овде, во овој текст, на Божјата невеста ѝ е премногу удобно. Не ја отворила вратата бидејќи не ѝ било пријатно. Цената да бидат заедно со возљубениот изгледала превисока.

Неудобноста на сето тоа предизвикала рамнодушност која се покажала кога нејзиниот љубен затропал на вратата на нејзиното срце.

Но кога тропањето престанало, таа сепак станала, потрчала кон вратата за да отвори и открила дека Тој си заминал.

„Му отворив на својот љубен, но тој си замина. Го барав, но не го најдов; викав, но не ми се одзва."

Самсон го доживеал ова страшно искуство зашто си играл со гревот, заспал и ја загубил косата и го прекршил заветот со Господа.

Тој дури и не го знаел тоа, сè додека не се соочил со своите непријатели. „И Далила му рече: Ете ги Филистеите на тебе, Самсоне! А тој ѝ рече: Ќе излезам како порано и ќе избегам; бидејќи не знаеше дека Господ отстапил од него" (Судии 16,20).

Добар начин да ја загубите Божјата сила во вашиот живот е да ја спуштите својата глава во скутот на светот.

Израел го загубил Ковчегот на заветот поради нивното неверство, бунт и идолопоклонство. Кога Илија ја примил оваа вест, паднал на местото каде што седел, го скршил вратот и умрел.

Жената на еден од Божјите слуги раѓала дете и кога слушнала дека Божјиот ковчег е загубен, умрела при породувањето. И додека умирала, таа го нарекла детето Ихавод, што значи „замина славата."

Погледнете колку тие двајца сериозно размислувале за Божјата присутност. Знаеле дека без Божјата присутност нема живот. Одите мртви, зборувате мртви, работите мртви. Животот е само празно постоење.

1. Тимотеј 5,6: „А онаа, пак, што живее распуштено, таа умрела уште додека е жива."

1. Мојсеева 28,16. (Јаков се наоѓал на патот од својот дом кон својот вујко): „А кога се разбуди Јаков од сонот, си рече: „Сигурно е Господ на ова место, а јас не знаев!"

**Римјаните 13,11-14:** „И тоа правете го, знаејќи го ова време: веќе дојде часот да се разбудите од сонот, зашто спасението е сега поблиску до нас отколку кога поверувавме. Ноќта одминува, а денот се приближи; да ги отфрлиме, пак, сите дела на мракот и да се облечеме во оружјето на светлината. Да живееме пристојно како дење – не во срамни гоштевки и пијанство, не во блуд и нечистотија, ниту, пак, во препирка и завист; туку облечете се во Господ Исус Христос, и грижата за телото не претворајте ја во страсти."

Дали некогаш ги слушате христијаните кои раскажуваат како било некогаш? „Се сеќавам, пред многу години имавме одлични богослуженија и луѓето се обратуваа."

Денес одиме како Бог да е мртов, а всушност ние сме дозволиле овој драгоцен дар да исчезне од нашето срце, поради мрзеливост, страст и алчност.

**1. Самоилова 28,6:** „И го праша Саул Господа, но Господ не му одговори ни во сон, ни преку Урим, ни преку пророците."

**Марко 5,15-17:** „И дојдоа кај Исус, и го видоа бесомачниот како седи облечен, и со здрав ум, во кого имаше легија, и се уплашија. А оние, кои беа виделе, раскажуваа што стана со обземениот од зол дух и со свињите. И почнаа да Го молат да си оди од нивните краишта. "

И Исус заминал.

**1. Дали е можно црквата да е презадоволна поединечно и заеднички?**

На Божјата невеста ѝ станало премногу удобно. Одбила да ја отвори вратата бидејќи не ѝ било пријатно. Рекла: „Ја соблеков својата облека, како ќе ја облечам... Ги измив своите нозе, како да ги валкам?"

Дали цената на блискиот однос со Христа е превисока?

Дали нашата црква се движи бавно и немарно кога Бог ќе почне да тропа на вратата од нашето срце?

Дали неудобноста предизвикала став на рамнодушност во црквата?

**2. Што правите кога тропањето ќе престане?**

Можеби сега чувствувате повик кој дејствува на нитките на вашето срце, Го слушате како вика, чувствувате убедување и затоа мислите дека сè уште сте поврзани, но што ќе направите кога тропањето ќе престане?

Во нашиот библиски текст гледаме како Христос бара внимание од својата сакана, од црквата. Бог бара личност, црква, која ќе го слушне Неговото нежно тропање и ќе Му отвори врата.

На црквата во Лаодикеја Исус ѝ рекол: „Еве стојам пред вратата и чукам: ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и Тој со мене" (Откровение 3,20).

Кога тропањето ќе престане, ние конечно стануваме како Соломоновата мрзлива невеста.

Кога конечно ќе потрчаме до вратата за да отвориме, Него веќе ќе го нема.

**3. Затворена врата**

Во Песни 5,2 го наоѓаме младоженецот како стои од надворешната страна на вратата, тропа и се обидува да влезе?

Зошто вратата од Неговиот дом би била заклучена?

Дали е тоа поради тоа што Тој го дал клучот? Дали вие и јас сме слободни морални агенти? Ние бираме дали ќе ја отвориме вратата или ќе ја оставиме затворена и ќе продолжиме да си играме црква.

Колку често седиме сред силното придвижување од страна на Светиот Дух и дозволуваме Тој да си оди, а ние не сме одговориле на Неговите поттикнувања?

Што ќе направите ова утро?

На сликата која го прикажува Исуса како чука на вратата, клучот е од внатрешната страна. Од вас зависи дали ќе Му отворите.

Колку често Исус тропал на вратата од нашето срце, а ние сме се однесувале како Соломоновата невеста? „Ја соблеков својата облека, како ќе ја облечам? Ги измив своите нозе, како да ги валкам?"

Христовата невеста навикнала да живее во Царската куќа во Негово отсуство.

Премногу доцна! Кога невестата станала да ја отвори вратата, Тој си заминал!

Црквата во денешно време како да воздивнува кога слуша како Господарот тропа. О, не сега. Зар не гледаш дека сега ми е премногу удобно за да станам? Зар не можеш да почекаш? Ме боли главата. Конечно, веќе ги соблеков чевлите и ги подигнав нозете. Морам ли токму сега да ти отворам?

Светиот Дух може да се ожалости.

1. Солуњаните 5,19: „Не гаснете го Духот."

Ефесјаните 4,30: „И не жалостете Го Светиот Дух Божји."

Исав за еден вкусен ручек го продал своето првенство. „Бидејќи знаете дека и потоа, кога сакаше да прими благослов, беше отфрлен; бидејќи покајанието не најде место, иако го бараше со солзи" (Евреите12,16.17).

Додека има време и додека вашиот Господ тропа на вратата од вашето срце, станете, напуштете ја својата удобност и отворете ја вратата. Донесете одлука додека сѐ уште има време.

*Сабота, 1 август 2026*

## ВАШАТА ПРВА РЕАКЦИЈА: НЕКА БИДЕ КАКО РЕАКЦИЈАТА НА АНДРЕЈ

**Јован 1,29-42.**

„На другиот ден Го виде Јован Исус како доаѓа кај него и рече: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе! Овој е, за Кого реков: по мене иде Човек, Кој пред мене беше, бидејќи постоеше пред мене. Јас не Го познавав, но дојдов да крштавам со вода, за Тој да му биде објавен на Израел.“ И сведочеше Јован, велејќи: „Го видов Духот да слегува од небото како гулаб и остана над Него. Јас не Го познавав, но Оној, што ме прати да крштавам со вода, ми рече: ‚Врз Кого ќе видиш дека слегува Духот и дека останува над Него, Тој е Оној што ќе крштава со Дух Свети.‘ И јас видов и посведочив дека Овој е Божјиот Син.“ А на другиот ден, пак, стоеше Јован и двајца од неговите ученици. И штом Го виде Исус како оди, рече: „Еве Го Јагнето Божјо!“ Кога ги чуја од него тие зборови, обата ученика отидоа по Исус. А Исус, кога се сврте и виде дека одат по Него, им рече: „Што барате?“ Тие Му одговорија: „Рави, што значи – Учителе, каде живееш?“ Им рече: „Дојдете и видете!“ Тие отидоа и видоа каде живее и останаа тој ден кај Него. Беше околу десеттиот час. А еден од двајцата, што беа чуле за Исус и беа тргнале по Него, беше Андреј братот на Симон Петар. Тој прво го најде брата си Симона и му рече: „Го најдовме Месијата, што значи: Христос.“ И го одведе кај Исус. А Исус го погледна и му рече: „Ти си Симон, синот на Јован; ти ќе се наречеш Кифа, што значи: Петар.“

Нашата заедница со Бога треба да биде на прво место. Потоа доаѓа на ред заедницата во домот, а на трето место се меѓучовечките односи со другите верници. Потоа доаѓа на ред заедницата со оние кои се надвор од црквите.

Се надевам дека забележавте дека Андреј имал правилни при-

оритети. Неговата заедница со Исус била на прво место. Потоа на ред дошла заедницата со неговото природно семејство – тој заминал и му рекол на Петар дека го пронашол Месија. Петар не бил само член на семејството туку можел да се смета како некој кој е надвор, бидејќи сè уште не разбирал и не поверувал дека Исус е Месија. Имајте на ум дека во овој момент црквата сè уште не постоела. Земајќи го ова предвид, Андреј ни дава голем пример како треба да направиме правилен приоритет во своите односи. Но тој прави и повеќе од тоа. Андреј ни покажува дека обичните верници можат успешно да ги пронаоѓаат оние кои се надвор од црквата.

Успешната мисионска работа и евангелизмот започнуваат во срцето. Андреј бил следбеник на Јован Крстител, но станал Христов следбеник. Дури тогаш, откако станал дел од внатрешната група, Андреј можел успешно да го доведе својот брат Петар, кој сè уште бил надвор. Загубените луѓе не можат да го покажат правецот и затоа пред да им помогнеме на другите да го пронајдат својот пат кон Бога, најнапред ние мораме да го познаваме Бога. Кога еднаш ќе го запознаеме Бога, ќе откриеме дека Неговиот копнеж кон загубените станува наш копнеж.

Вториот клуч за успехот на Андреј било неговото чувство за итност. Додека го читав Јовановиот запис за тоа како Андреј му ја пренел добрата вест на Петар, во умот ми се истакнаа три збори. „А тој го најде првин." Премногу често ми се чини дека ние во црквата погрешно ги сфаќаме Исусовите зборови дека првиот ќе биде последен, а последниот прв. Кога Исус ги изговорил овие зборови, Тој зборувал за служењето на Бога, а не за проповедањето на добрата вест. Она што Андреј „првин" го направил, често е нешто што мнозина христијани го прават последно. Не мислам дека овде се работи за тоа што се плашиме да им пристапиме на членовите на семејството, туку дека сме го загубиле чувството за итност. Ние живееме во последното време и Исус може да се врати секој момент. Таа вистина не се променила. Но дали таа вистина нè променила нас? Дали нашите

зборови и дела кон оние кои се надвор го откриваат чувството за итност или откриваат чувство на самозадоволство? Андреј имал чувство за итност.

Исто така верувам дека Андреј најнапред отишол кај оној за кого мислел дека ќе ги прими неговите зборови во срцето.

**Илустрација:** Дали некогаш сте ја слушнале приказната за еден проповедник кој одлучил едно саботно утро да го прескокне богослужението за да одигра партија голф? Секоја сабота на својот пат до црквата се возел покрај терен за голф и гледал како членовите на црквата играат голф. Нему не би му пречело тие да играат голф, а потоа да дојдат в црква. Но тоа не се случувало. Една сабота навечер одлучил да им покаже на тие црковни играчи на голф што може тој. Ако тие можат, тогаш може и тој. Затоа јавил дека е болен и дека мораат да пронајдат некој друг кој наутро ќе проповеда. Тогаш ги ставил своите стапови за голф во автомобилот и тргнал на еден далечен терен за голф. Мислел дека таму никој не може да го препознае. Платил влезница и отишол до првата дупка. Но еден ангел го набљудувал проповедникот и го прашал Бога што да прави со овој човек кој излажал дека е болен, а сега се подготвува да го удри топчето. Бог рекол: „Само набљудувај." Можеби ангелот помислил дека Бог ќе го удри со гром, но такво нешто не се случило. Немало ниту земјотрес, ниту дожд туку еден совршен удар. Топчето од прв пат влегло во дупката! Ангелот не можел да поверува. Што е ова? „Но Боже, како можеше да му дозволиш од прв пат да ја погоди дупката; мислев дека ќе го казниш!" Бог рекол: „Го казнувам – зар ќе смее некому да раскаже?"

Кога ќе доживееме нешто прекрасно или кога слушаме нешто возбудливо, тешко можеме да се контролираме – едноставно мораме некому да кажеме или ќе пукнеме! Кога имате некоја добра вест која треба да ја споделите со некого, кому најнапред ја кажувате? Јас ѝ кажувам на мојата сопруга. Потоа им кажувам на другите во семејството, а потоа на пријателите.

Претпоставувам дека секој од нас има неколку личности кон

кои би потрчал да каже некоја добра вест. За Андреј тоа бил Петар. Мислам дека Андреј во своето срце и во своите мисли знаел дека Петар нема само да сослуша, туку дека сериозно ќе ги прими неговите зборови. Се покажало дека тоа била мудра стратегија за Андреј и верувам дека така би било и со нас.

Уште една работа во постапките на Андреј успеала да го доведе Петар кај Исуса. Замислувам како се случува формалното запознавање и Андреј зборува: „Петре, би сакал да те запознаам со Исус," и „Исусе, ова е мојот брат Петар." Не е важно дали се случило на овој начин, важно е дека Андреј, припадник на внатрешниот круг, го запознал Петар, кој бил надвор, со Исуса. Повторно треба да го следиме примерот на Андреј. Можеби е лесно со другите да зборуваме за времето, можеби за некоја градба, можеби ни е забавно да прераскажуваме смешни работи кои се случиле на црковните богослуженија, само не заборавајте да зборувате за Исус! Луѓето имаат многу поголема потреба да слушаат за Исус отколку за проект на градба или за некој смешен настан.

Апостол Павле пишува во Колошаните 4,5.6:

„Постапувајте мудро кон оние, надворешните, ползувајќи го времето. Вашето слово секогаш да е љубезно, зачинето со сол, за да знаете како треба да му одговорите секому."

Накратко, Павле вели дека меѓу многуте работи за кои може да разговарате, постои нешто што не смеете да го заборавите – погрижете се на другите да им зборувате за Исус. Веста за проектот на градба нема никого да спаси. Познавањето на сите смешни настани нема никого да доведе на небо. Тоа ќе го направи само познавањето на Исус и верата во него.

Во Римјаните 10,12-14 наоѓаме слични мисли:

„Но нема разлика меѓу Јудеец и Грк; зашто еден и ист е Господ на сите; богат за сите, кои Го повикуваат, зашто: Секој кој ќе го повика Господовото име ќе се спаси. Но како ќе го повикаат Оној, во Кого не поверувале? А како ќе поверуваат во оној, за кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник?"

**Илустрација:** Сите добро се сеќавате на трагичните настани и приказни за цунамито кое го погоди Тајланд и околните земји. Но меѓу страшните вести се најдоа и неколку приказни за добри работи. Една таква приказна зборува за морските Роми од племето Морган. Тоа е мало племе кое има 181 рибар, кои поголемиот дел од годината го минуваат во своите чамци, рибарејќи по морињата. Но во декември живеат во засолништата на плажите на Тајланд. Тука се нашло племето неколку часа пред големиот бран. Се наоѓале на патот на опасноста и веројатно сите би загинале да не ја примиле во своето срце старата вистина која се пренесувала меѓу нив со години наназад.

Генерациите на старешините на племето ја пренесувале оваа мудрост. Шеесет и петгодишниот поглавар рекол: „Јас знам дека ако водата брзо се повлече, тогаш ќе се појави со истото количество со кое исчезна."

Токму тоа и се случило. Морето брзо се повлекло од плажата, оставајќи ги рибите кои биле на брегот. Колку лесно би им било на оние кои живееле од морето да потрчаат таму каде што до неодамна се наоѓала водата и да ги наполнат своите корпи со риба.

Некои луѓе направиле така, но не и ова племе. Кога водата се повлекла од плажата, поглаварот на племето им наредил на членовите на своето племе да потрчаат во храмот на планината на островот Сурин. Кога водата надошла, сите 181 член од ова племе преживеале, бидејќи се наоѓале на висок терен.

Исто како што старата вистина се пренесувала низ генерациите и го спасила ова племе, старата вистина за Исус, вистина која се пренесувала низ генерациите и која е запишана во Библијата, денес ги спасува луѓето. Затоа ве повикувам, како Андреј, да им ја пренесете на другите спасоносната вистина за Исус. Ако сè уште не сте христијани, ве потсетувам дека само Исус е Патот, Вистината и Животот и само оние кои веруваат во Него можат да влезат на небо. Ако сè уште не сте му го предале своето срце на Исуса, ве повикувам тоа да го направите сега...

*Сабота, 5 септември 2026*

## АПОСТОЛСКА ПЕРСПЕКТИВА

**1. Коринќаните 12,28-31**.

„И некои од вас Бог постави во Црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за помагање, за управување и за зборување на разни јазици. Та сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци? Сите ли имаат дарба да лекуваат? Сите ли зборуваат на разни јазици? Сите ли се толкувачи? Стремете се кон поголеми дарби. А сега ви покажувам еден многу повозвишен пат:“

Апостол е човек испратен да ја пренесе пораката на вистината. Павле се идентификува себеси како апостол. „Павле, апостол, повикан не од луѓе, ниту преку човек, туку преку Исус Христос и Бог Отецот, Кој Го воскресна од мртвите, “ (Галатјаните 1,1).

Можеме да Му заблагодариме на Бога што ни ја дал апостолската служба, перспектива и сила за да го спроведеме Неговиот голем налог меѓу своите групи луѓе на земјата. Единствено кога ја одржуваме нашата апостолска ревност, перспектива и настап, можеме да уживаме во целосната Божја сила во нашата заедница и во животот. Премногу цркви ја загубиле апостолската перспектива што Бог им ја дал и поради тоа страдаат. Следат некои карактеристики за тоа што ја претставува апостолската перспектива:

**1. Апостолската перспектива не се постигнува преку кој било човек, туку доаѓа директно од Исуса Христа.** Луѓето кои ќе стекнат откровение, знаење и мудрост од Бога, чувствуваат потреба тоа да го споделат со оние кои допрва треба да го слушнат евангелието на Исуса Христа. Тогаш можеме вистински да ка-

жеме: „Што и да правите, правете од срце како за Господа, а не како за луѓето. Знаејќи дека од Христа ќе примите плата; бидејќи Нему Му служите“ (Колошаните 3,23.24). Не мораме да се разочараме кога мислиме дека само неколку луѓе го ценат она што го правиме, бидејќи веќе не сме заинтересирани да им угодиме на луѓето туку на Бога, кој ги истражува нашите срца.

**2. Апостолската перспектива дава ревност за она што го оптоварува Божјето срце.** Човечкото воодушевување, статистиката или извештаите не се доволни за срцето да биде поттикнато за евангелизирање на светот и организирање цркви. Познавањето на Исуса Христа, Неговите зборови и тесната заедница со Светиот Дух се единствени начини да се стекне стремеж да се пронајдат загубените.

**3. Апостолската перспектива се зголемува со молитва. Павле напишал:**

„Ете, затоа и јас, кога слушнав за вашата вера во Христос Исус, и за љубовта кон сите светии, постојано Му благодарам на Бога, спомнувајќи ве во молитвите свои, та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение за да Го познаете, и да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво е богатството на славата од наследството Негово во светиите“ (Ефесјаните 1,15-18).

**Илустрација:** Едно момче од едно библиско училиште се понудило да му помогне на познатиот уличен проповедник Дејвид Вилкерсон, пред многу години кога тој проповедал на њујоршките улици. Вилкерсон го прашал колку време поминува во молитва. Младиот студент проценил околу 20 минути дневно. Вилкерсон му рекол: „Оди дома момче. Помини еден месец молејќи се 2 часа дневно, сите 30 дена. Кога ќе го направиш тоа, тогаш врати се. Врати се и можеби ќе размислам дали да те пуштам на улиците во кои владеат убиства, силувања, насилство и опасност. Ако те испратам сега со 20 минути молитва дневно, тоа би било како во битка да испраќам војник без оружје и ти би загинал.

**4. Апостолската перспектива значи напуштање.** Ние мораме да се ослободиме, да ги оставиме и да се откажеме од своите права и комплетно да му се предадеме на Исуса Христа и секој ден да го земаме својот крст – ако сакаме да ја стекнеме апостолската перспектива (Лука 9,23). Толку луѓе ги сакаат плодовите на Павловата служба, а не се подготвени да ја платат цената што ја платил Павле. Тој напишал: „Но тоа што беше за мене придобивка, поради Христос го сметав за загуба. Затоа, сметам дека и сè друго е загуба спрема преважното познание на Христос Исус, мојот Господ, поради Кого се одреков од сè, и сè сметам за ѓубре, само за да Го придобијам Христос" (Филипјаните 3,7.8.).

**Илустрација:** Доктор Џемс Добсон се вратил да зборува во своето средно училиште во Тексас каде што го освоил државниот шампионат во тенис во 1958 година. Мислејќи дека може да го види својот трофеј во витрината со трофеи пред да влезе во аудиториумот, доктор Добсон отишол да го побара и не го нашол. Отишол зад училиштето и таму го видел својот трофеј во корпа за отпадоци. Тој ден им рекол на учениците: „Сите големи животни трофеи наскоро ќе станат смет. Не стремете се кон она што пропаѓа, туку собирајте си себеси богатство на небото." Му благодарам на Бога што доктор Џемс Добсон ги оставил своите трофеи за да може да ја покаже апостолската перспектива во помагање што повеќе семејства ширум светот да го запознаат Исуса Христа.

Џемс Добсон е претседател на одборот на организацијата „Фокус на семејството," која ја основал во 1977 година. Тој има секојдневна радио-програма на повеќе од дванаесет јазици и го слушаат повеќе од 220 милиони луѓе во 164 земји. Тој е евангелски христијанин со конзервативен став кон теологијата и политиката. Завршил психологија во Калифорнија.

**5. Апостолската насока ни дава способност да поставиме приоритети во нашата визија и да одредиме што е особено важно за Бога.** Премногу луѓе извршуваат активности без да се насочат кон победата и намножување на спасените меѓу 8000

групи на луѓе во светот. Дали сфаќате дека никогаш нема да бидете личност која е насочена кон одржување на заедница, ако се насочите на жетвата? Исус рекол: „А штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир. Тогаш им рече на Своите ученици: ‚Жетвата е голема, а работници има малку. Затоа молете Го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва.'" (Матеј 9,36-38).

Бог сака секоја група луѓе на Земјата да доживее вистинско богослужение во Духот и вистината, кои најдобро ќе се остварат преку луѓето кои се насочени на исполнување на големиот налог, бидејќи го обожаваат и сакаат Господа со сето свое срце, душа, сила и ум (Лука 10,27).

**6. Апостолската перспектива донесува одлуки засновани на Божјите цели, планови и прославување.** Со други зборови, сите наши одлуки ќе зависат од она што ќе донесе поголемо прославување, исполнување на Божјата цел – објавување на Неговата слава по цела Земја, Неговите планови за секое племе, јазик и народ, е сите да дојдат кај Него и вечно да Го обожаваат.

**Илустрација:** Флојд МекКлунг, бившиот претседател на организацијата „Младите со мисија" пишува: „Ако живеете без визија за Божјата слава, која ја исполнува целата земја, се наоѓате во опасност да служите според своите соништа, додека чекате Бог да ви каже што „понатаму да работите". Постојат премногу немотивирани христијани кои се кријат зад изговорите дека Бог сè уште не им се обратил. Тие чекаат да слушнат гласови или да сонуваат соништа, а сето време живеат за да заработат пари, да ја обезбедат својата иднина, добро да се облечат и да се забавуваат.

**7. Апостолската перспектива е верна на апостолската традиција и моделот на новозаветните апостоли.** Павле рекол: „И така, се погрижив да го проповедам Евангелието не таму каде што името Христово беше веќе познато, за да не ѕидам врз туѓ темел. Но, како што е напишано: ‚Оние, на кои не им е јавено за Него, ќе видат; и оние што не беа чуле, ќе разберат'" (Римјаните

15,20.21). Ова е и апостолска традиција и модел за сите кои сакаат да ја исполнат Божјата волја за својата црковна заедница. Апостолската перспектива ни помага да го подигнеме погледот и да ги видиме полињата кои се зрели за жетва, дури и денес.

**Илустрација:** Традицијата вели дека апостолите умреле на следниве начини: Матеј доживеал маченииштво, бидејќи бил погубен со меч во Етиопија. Марко умрел во Александрија, откако бил влечен со коњи низ улиците на тој град. Лука бил обесен на една маслинка во Грција. Јован бил фрлен во котел полн со врело масло, но успеал да ја избегне смртта, по што бил прогонет на островот Патмос. Петар бил распнат во Рим, свртен со главата надолу. На постариот Јаков му била отсечена главата во Ерусалим. Помладиот Јаков бил фрлен од врвот на еден храм, а потоа претепан до смрт. На Вартоломеј му била одрана на живо кожата од телото. Андреј бил врзан за крст и им проповедал на оние кои го погубувале сѐ додека не умрел. Тома бил прободен со копје во Коромандел во источна Индија. Јуда бил гаѓан со стрели до смрт. Варнава бил каменуван до смрт во Салоники. На Павле, по разни мачења и прогонства, му била отсечена главата во Рим по наредба на императорот Нерон.

**8. Апостолската перспектива е подготвеност да се бориме во добрата борба на верата.** Во Дела 21. глава учевме за Павловата непоколеблива решителност да страда и умре за да го исполни својот апостолски повик и да биде светлина на незнабошците. „И кога дојде кај нас, го зеде Павловиот појас, па ги врза рацете свои и нозете и рече: „Тоа го вели Духот Свети; така ќе го врзат Јудејците во Ерусалим оној маж, на когошто му припаѓа овој појас, и ќе го предадат во рацете на незнабошците.“ Штом го чувме тоа, и ние и тамошните го молевме да не се качува во Ерусалим. Но Павле одговори: „Што правите, та плачете и го нажалувате срцето мое? Јас сум готов не само да бидам врзан, туку и да умрам во Ерусалим за името на Господ Исус.“ А бидејќи тој не се премисли, ние замолкнавме и рековме: „Нека биде волјата Господова!“ (Дела 21,11-14)

**Примена:** Вистинската апостолска перспектива ќе нè води понатаму кога разни видови на луѓе, проблеми и неволји ќе се обидат да ни застанат на патот.

**Илустрација:** Флојд МекКлунг пишува за проблемите во апостолското донесување на одлуки: „Апостолското донесување на одлуки започнува со копнеж за Божјата слава меѓу народите и потоа се поставува прашањето: 'Каде ќе Ти служам?' Повеќето луѓе постапуваат спротивно. Тие прашуваат каде и кога, а немаат откровение на Неговата слава меѓу народите. Дали тогаш е некакво чудо што никогаш не слушаат дека Бог вели „Одете." Тие не негувале копнеж за Божјите стремежи. Заробени ги држат разните видови на ситни желби. Тие тоа можеби никогаш не го сфаќаат."

Ајде да го посветиме нашиот живот, средства и одлуки како жива жртва на Бога, света и прифатлива кај Него, бидејќи тоа е единствената разумна служба на Бога, кој е достоен да ја прими сета наша благодарност, покорност и сè што имаме и што сме.

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ
3/2026
Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара: Илија Киров

За интерна употреба